MACEDONIAN

Easy worm farming guide

Создадете ваша сопствена рајска градина

# Прирачник за лесно одгледување на црви



our environment it's a living thing

## Фарми на црви

- Земете ги остатоците од храна и направете смеса слична на плодоносна почва која се вика 'castings'.
- Најчесто користени црви се црвените или тигровите црви.
- Црвите може да се одгледуваат во фарми на црви, или во корита или 'садови' во земјата.
- Фармите на црви може да се чуваат надвор, внатре, на балкон, или во гаража. Тие се измислени за станови.
- Смесата која ја прават црвите е одлична за хранење на домашните растенија/цвеќиња, за додавање на смеси за садници и земја за пресадување, или за површинско ѓубрење околу растенијата.



## 4 лесни чекори до успешно Одгледување на црви

### 1 Како да го изберете местото

Црвите не сакаат да им биде премногу топло, затоа осигурете се вашата фарма или корито да биде под добра сенка.

### 2 Како да собирате храна за црвите

Црвите сакаат да јадат отпадоци од храна, на пример, лушпи од зеленчук или овошје, месо (на овошје) од соковникот, кесички од чај, здробени лушпи од јајца и леб. Тие исто така сакаат нечиста хартија и картон (како што се исецкани картонски кутии од јајца) во мали количини. Во храната која црвите најмалку ја сакаат се вклучуваат млечни производи, путер и сирење, месо, риба, маснотии и коски, многу мрсна храна и цитрусово овошје, кромид и лук.

**Практичен совет:** На црвите им е полесно и побрзо да сварат помали остатоци од храна. Пред да ги храните црвите, измешајте ги остатоците од храна со вода.

### 3 Како се прави фарма или корито за црви



Можете да купите фарма за црви од продавница, да ја направите од кутии, или да направите корито за црви во вашата градина.

Вообичаена кутија за црви е 30 сантиметри длабока, 60 сантиметри широка и 90 сантиметри долга. Кутијата мора да има дупки на подлогата за да може во неа да влегува воздух и да може добро да се цеди. Кутијата треба да има капак или да биде покриена со хесијан (платно од јута) или со подметка. Плус, под неа треба да има подлога или послужавник каде што ќе се собира течноста или да се овозможи добро да се исцедува.

**Практичен совет:** Црви може да се купат директно од комерцијалните одгледувачи на црви или преку локалниот расадник. Побарајте ги во телефонскиот именик Yellow Pages под името 'Worm Farms' (Фарми на црви). Тие обично се продаваат во илјади (1,000 црви тежат околу 250 грама).

Како подлога најдобра е комбинација на готов компост (ѓубре), лисја и хартија. Подлогата треба да биде искината на парчиња или исецкана за црвите да можат лесно да се движат и материјалот од кој е направена подлогата треба да биде натопен во вода пред да се стави во кутијата. Подлогата нека биде 10 - 15 сантиметри длабока.

Сега ставетее ги црвите: За почеток, добро е да почнете со една до две илјади црви. Распоредете ги црвите внимателно насекаде на површината и дозволете им да направат дупки. Почнете редовно да додавате отпадоците од храна во мали количини. Едноставно ставете ги отпадоците од храна во кутијата, и покријте ги со смесата од која е направена подлогата или со грст земја или компост.

Не ставајте премногу храна наеднаш. На црвите давајте им повеќе храна откако ќе изедат поголем дел од претходниот оброк.

**Практичен совет:** Течноста што ја прават црвите во фармата е полна со хранливи материи - разводнете ја и ставајте ја во саксиските билки. Исто така, користете ја и смесата која тие ја прават.



### 4 Собирање црви

Смесата/компостот (vermicompost) што го прават црвите можете да го соберете ако го префлите целосно на едната страна од кантата; додадете свежа подлога во празниот дел. За неколку дена многу од црвите ќе се преселат во новата подлога. После тоа може да се извади корисната смеса што ја направиле црвите и да се користи.

## На црвите им треба:

- Влага, затоа што тие дишат преку кожата и таа треба да биде влажна.
- Исцедување, затоа што тие може да се задушат ако подлогата премногу се наводени.
- Капак/покривка, затоа што црвите не сакаат да бидат изложени на директна светлина. Со тоа исто така ќе се спречи да не влегуваат муви и други штеточинки.

**Не ставајте премногу кисели работи:** Црвите не сакаат кисела храна, на пример, лушпи од цитрично овошје или од кромид!

Имате проблеми со фармата на црви? Видете на другата страна!

# *Проблеми? Пробајте ги следните работи
# Прирачник за лесно решавање на проблеми
## во врска со одгледување на црви



Фармите со црви се одржуваат едноставно и лесно.

Потребно ќе биде само да потрошите неколку часа два до три пати годишно кога ќе ја подготвувате подлогата и кога ќе собирате компост и црви.

Меѓутоа, некогаш може да се појават проблеми. Подолу се изложени некои од вообичаените проблеми во врска со одгледување на црви:

## Мојата фарма со црви мириса!

Вашата фарма со црви може да почне да мириса ако на црвите им давате повеќе храна отколку што можат да изедат или ако фармата со црви премногу се наводени.

### Решете го проблемот!

Почнете полека да ги храните црвите и постепено зголемувајте ја количината.

Осигурете се фармата со црви добро да се исцеди. Ако е премногу водена, црвите можат да се удават.



**Фармите со црви може да се чуваат надвор, внатре, на балкон или во гаража.**



## Имате несакани гости?

За мравките или лебарките вашата фарма со црви може да биде добро место за живеење. Не се грижете, иако тие може да бидат малку непријатни, тие нема да им наштетат на вашите црви.

### Решете го проблемот!

Чувајте ја вашата фарма со црви покриена со капак, или остатоците од храна чувајте ги покриени со хесијан или со подметка. Со ова ќе спречите да влезат несакани гости. Ако фармата со црви е поставена на ногарки, ставете ја секоја ногарка во сад со вода. Со тоа ќе спречите да влегуваат несакани суштества.



**Одите на домор? Хранете ги со хартија.**

## Моите црви не се множат!

За да можат да се размножуваат, црвите треба да се наоѓаат во соодветни услови. Тие треба да се чуваат на ладно (идеалната температура е меѓу 18 и 25 степени Целзиусови); во влага но не премногу; да не бидат изложени на директна светлина; и да се хранат со правата храна. Некои отпадоци од храна, на пример, овошје, зрнеста и зашеќерена храна, се склони да создаваат киселини. Црвите нема добро да живеат и да се размножуваат во кисела средина.




### Решете го проблемот!

Вашата фарма или корито со црви не треба да биде изложена/о на директна светлина.

Осигурете се фармата или коритото да се покриени, за да не се наводенат премногу кога ќе врни, и добро да се исцедува.

Секои неколку недели, ставајте малку пепел од дрво или доломит или вар за да спречите фармата да стане премногу кисела.

**Вински муви? Додадете вар. Премногу кисела? Додадете хартија.**

## За повеќе информации во врска со црви и одгледување на црви

Јавете се во локалната општина или во Department of Environment and Conservation (NSW) (Оддел за еколошки работи и заштита на природната средина (Нов Јужен Велс)) за да дознаете повеќе за производување ѓубриво од црви, компостирање и намалување на отпадот.

Постојат многу добри публикации за компостирање и производување ѓубриво од црви. Побарајте ги во локалната библиотека или телефонирајте во Department of Environment and Conservation (NSW) (Оддел за еколошки работи и заштита на природната средина (Нов Јужен Велс)) на **131 555**.




Department of Environment and Conservation (NSW)
www.environment.nsw.gov.au

our environment it's a living thing

ISBN 1 74137 651 3 2006/264 Отпечатено на рециклирана хартија